Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14 став1 точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/10, 8/14, 2/18 И 3/19), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 06.11.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Крива Паланка во областа на**
**Локалниот економски развој за 2020 година**

Општина Крива Паланка преку Програмата ги утврдува развојните приоритети во областа на Локалниот економски развој за 2020 година. Активностите предвидени со програмата ќе бидат насочени кон: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој, продлабочување на меѓународна соработка .

Основна цел на Програмата е реализација на приоритети согласно постојните стратешки документи.

**1.Поддршката на Локалниот економски развој на општина Крива Паланка планира да се реализира преку следните активности :**

- Финализација на тековни проекти во фаза на реализација и подготовка на нови проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;

-За одредени проекти согласно утврдените правила за апликацијата, во зависност од донаторот покрај обезбедените средства со проектот , се наметнува потреба од обезбедување на средства за сопствено учество на општина Крива Паланка како услов за аплицирање на проекти;

-Поддршка на Центарот за развој на Североисточниот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка при аплицирање и реализација на проекти во рамките на Центарот.

-Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови;

- Подршка за развој на МСП преку организирање на обуки;

- Имплементација и сертификација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 во Општина Крива Паланка;

Континуирана имплементација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 на услугите од страна на општина Крива Паланка. По завршената интерна проверка на системот за квалитет (согласно барањата ИСО 9001:2015), дефинирање и спроведување на корективни мерки и преиспитување на системот за квалитет од страна на раководителите, потребна е подготовка на Општина Крива Паланка за сертификација од независно тело. По извршената проверка од страна на независно тело Општината ќе добие сертификат за квалитет ИСО 9001:2015.

***2.Меѓународна соработка***

Општина Крива Паланка во 2020 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените градови како и проширување на соработката со нови партнери преку :

- Организирани посети на претставници од општина Крива Паланка во збратимени градови заедничка подготовка на апликации и размена на искуства;
- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Крива Паланка;

**3.*Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка***

Општина Крива Паланка во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон подготовка и дизајн на нов промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во општина Крива Паланка.

- Креирање и збогатување на туристичкиот потенцијал и понуда со организирање на промотивни активности од различни области (спортско-рекреативни, културни, традиционални и слични настани) се со цел подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

**4.Изработка на стратешки документи**

-Изработка на Стратегија за локален развој,
-Изработка на Стратегија за развој на туризмот
-Подготовка, дизајн, печатење на други стратешки документи .

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги**

-Консултантски услуги(изработка на елаборати, студии, проекти, извештаи)
-Превод на стручна литература
-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари
- Семинари, конференции и обуки

**6. Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации**

Предвидените активности во рамките на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во 2020 год ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година.

**БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА**

| ***Бр.*** | ***Активност*** | ***Износ МКД*** |
|---|---|---|
| **1.** | **Поддршката на Локалниот економски развој** | |
| | Финализација на започнатите проекти и подготовка на нови проекти согласно стратешките документи и годишните програми | 500.000 |
| | -Партиципација односно сопствено учество на општина Крива Паланка при аплицирање на проекти<br>-Поддршка на Североисточен плански регион во и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на општината при аплицирање и реализација на проекти | 2.000.000 |
| | Изработка на потребна техничка документација неопходна за аплицирање до отворени повици | 500.000 |
| | Поддршка на развој на МСП и претприемаштво | 100.000 |
| | Сертификација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2015 | 120.000 |
| **2.** | **Меѓународна соработка** | 100.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка** | 100.000 |
| **4.** | **Изработка на стратешки документи** | 400.000 |
| **5.** | **Други оперативни расходи и договорни услуги** | 200.000 |
| **6.** | **Членарина на ЗЕЛС , СИПР и други здруженија и асоцијации** | 400.000 |
| | ***Вкупно*** | **4.420.000** |

**Организација на програмата**

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој во 2020 година ќе ја имплементира Одделението за јавни дејности , економски развој и информатичка технологија во соработка со релевантните одделенија во Општината.

**Бр. 09-3567/19**
**06.11.2019 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**